ИЗВРШИТЕЛ
Николче Диневски
именуван за подрачјето на
Основен суд
Битола и Ресен
ул. Д.Т.Ц. Шехерезада мезанин лок. 7
тел. 047 230-040

[redacted]

ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ
СКОПЈЕ 29-03-2021
Примено:
Орг.Един. | Прилог | Вред.
03 | 7774 | |

Образец бр.66

И.бр.718/2020

Извршителот **Николче Диневски** од **Битола** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Халк банка АД Скопје** од Скопје со ЕМБС / ЕДБ [redacted] / [redacted] и седиште на бул.Св.Кирил и Методиј бр.54, засновано на извршната исправа [redacted] од 18.03.2016 на Нотар Маринчо Вељановски од Битола, против солидарните должници: 1[redacted] и [redacted] на [redacted] со живеалиште на [redacted] и 3. [redacted] со живеалиште на ул[redacted] за спроведување на извршување во вредност [redacted], на ден 25.03.2021 година го донесува следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1), 182 став (1) и 185 став (2) од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** продажба со усно јавно наддавање на недвижностите на должникот **Друштво за производство, градежништво и услуги** [redacted] од Битола со ЕМБС / ЕДБ [redacted] / [redacted] и седиште на ул.Бонде Скерлевски бр.10/8, запишана во **Имотен лист бр.7649 КО Нижеполе**, дел на недвижност 1/1, **Имотен лист бр.11113 КО ДИХОВО-ВОНГРАД**, дел на недвижност 1/1, **Имотен лист бр.1100 КО ДИХОВО-ВОНГРАД**, дел на недвижност 1/2, при АКН на РСМ, Одделение за катастар на недвижности Битола, со следните ознаки:

**Имотен лист бр.7649 КО Нижеполе**, дел на недвижност 1/1
ЛИСТ А
ДПГУТ МАК СТРОЈ БОРИС ДООЕЛ увоз-извоз Битола, ул.Бонде Скерлевски 10/8, Битола, дел на недвижност 1/1
ЛИСТ Б
КП 112, место викано Кориче, култура Н, класа 5,површина 3070 м$^2$, право на сопственост

**Имотен лист бр.11113 КО ДИХОВО-ВОНГРАД**, дел на недвижност 1/1
ЛИСТ А
ДПГУТ МАК СТРОЈ БОРИС ДООЕЛ увоз-извоз Битола, ул.Бонде Скерлевски 10/8, Битола, дел на недвижност 1/1
ЛИСТ Б
КП 351/3, место викано Дуганја, култура Н, класа 3, површина 16246 м$^2$, право на сопственост

**Имотен лист бр.1100 КО ДИХОВО-ВОНГРАД**, дел на недвижност 1/2
ЛИСТ А
Атанасовски Раде, ул.Хелсинки 9/А, Скопје, дел на недвижност 1/2
**ДПГУТ МАК СТРОЈ БОРИС ДООЕЛ увоз-извоз Битола, ул.Бонде Скерлевски 10/8, Битола, дел на недвижност 1/2**
ЛИСТ Б
КП 343, место викано Калдема, култура Нива, класа 3, површина 4906 м$^2$, право на сопственост

Продажбата ќе се одржи **<u>на ден 10.04.2021</u> година <u>во 10,00 часот</u>** во просториите на извршител Николче Диневски, ДТЦ Шехерезада мезанин локал 7 во Битола.

Почетната вредност на недвижностите, утврдена согласно член 185 став (2) од ЗИ е во <u>вкупен износ од 10.366.048,00 денари</u> под која недвижностите не може да се продадат на второто јавно наддавање од која:

1. Недвижноста застроена на КП 112 за КО Нижеполе, запишана во **ИЛ бр.7649 за КО Нижеполе** <u>со дел на недвижност 1/1</u> **СЕ УТВРДУВА на износ од <u>1.638.560,00 денари</u>** под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање
2. Недвижноста застроена на КП 351/3 за КО Дихово-вонград, запишана во **ИЛ бр.11113 за КО Дихово-вонград** <u>со дел на недвижност 1/1</u> **СЕ УТВРДУВА на износ од <u>7.581.728,00 денари</u>** под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање
3. Недвижноста застроена на КП 343 за КО Дихово-вонград, запишана во **ИЛ бр.1100 за КО Дихово-вонград** <u>со дел на недвижност 1/2</u> **СЕ УТВРДУВА на износ од <u>1.145.760,00 денари</u>** под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености - нема. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 500000001024444 која се води кај Стопанска Банка АД Битола и даночен број МК5002007113600.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Се повикуваат заедничките сопственици, сосопствениците и соседите чие земјиште граничи со земјиштето што се продава, лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување, во рок од 8 дена од објавувањето на Заклучокот писмено да се изјаснат за прифаќање на понудата.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Николче Диневски

Д.-на: Должник Друштво за производство, градежништво и услуги [redacted] доверител, соседи, сосопственик [redacted] Општина Битола

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд Битола согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.